Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СПИ.бр.7/22
19.07.2022 година
Гевгелија

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот К.Т, Основниот суд Гевгелија на ден 19.07.2022 година го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од К.Т, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, СЕ УВАЖУВА.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од барателот К.Т, имателот на информацијата Основен суд Гевгелија, Ви ја доставуваме информацијата:

1. Вкупниот број на донесени судски пресуди во Основниот суд Гевгелија против лица кои сториле кривично дело Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија согласно член 206 од Кривичниот законик на РСМ во периодот од 01.03.2020 година до 30.06.2022 година, изнесува 209.

2. Вкупниот број на донесени судски пресуди во Основниот суд Гевгелија против лица кои сториле кривично дело Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија согласно член 206 од Кривичниот законик на РСМ во периодот од 01.03.2020 година до 30.06.2022 година, со изречена затворска казна нема.

3. Вкупниот број на донесени судски пресуди во Основниот суд Гевгелија против лица кои сториле кривично дело Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија согласно член 206 од Кривичниот законик на РСМ во периодот од 01.03.2020 година до 30.06.2022 година, со изречена парична казна изнесува 178.

4. Вкупниот број на донесени судски пресуди во Основниот суд Гевгелија против лица кои сториле кривично дело Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија согласно член 206 од Кривичниот законик на РСМ во периодот од 01.03.2020 година до 30.06.2022 година, со изречена алтернативна мерка е 25.

Предвид на горе наведеното против 5 лица е запрена постапката а против 1 -едно лице е изречена судска опомена

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Гевгелија на ден 19.07.2022 година, под СПИ.бр.7/22 од 19.07.2022 година

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен каратер
Павле Тунев-Раководител на оддел